КОДЕКС НА БИЗНИС ЕТИКА И ОДНЕСУВАЊЕ

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА го смета успехот на своите клиенти за клуч кон постигнување долгорочни и постојани бизнис резултати и раст, почитувајќи ги, како потребите на своите акционери така и интересите на своите вработени. Затоа од сите вработени се очекува да го пружат своето професионално знаење најдобро во рамките на своите можности, да работат заеднички и тимски и да пружаат одлична поддршка и услуга на нашите клиенти**.** Сениорскиот менаџмент на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* ја прифаќа одговорноста за систематска бизнис стратегија и развоен процес. Интегритетот и почитувањето на законите и етичките начела се суштинските елементи, одржување на кредибилитетот и автентичноста на компанијата.

Целта на овој „Кодекс на бизнис етика и однесување“ е да прикаже како *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* го спроведува својот бизнис на етички и социјално одговорен начин. Оваа политика се однесува глобално на сите наши активности.

Овој Кодекс е одобрен од Одборот на директори на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* и со него преку инструментите за внатрешна комуникација се запознаени сите вработени. Од секој вработен во *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* се очекува, при своите активности и дневно работење да се однесува во согласност со овој Кодекс, без исклучок. Поконкретно насочување или подетални инструкции можат да бидат дефинирани за одредени региони, држави или функции, но тие ќе бидат во согласност со оваа корпоративна политика.

Оваа политика се однесува на главните елементи во смисла:

- Како Менаџментот ги спроведува своите надлежности,
- Како се однесуваме со своите вработени,
- Како очекуваат акционерите да се однесува компанијата,
- Како клиентите се услужени,
- Како се однесуваме со нашите снабдувачи и
- Крајно, како влијаеме врз заедниците и околината во различни локации на кои дејствуваме.

УПРАВА

ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА ги почитува начелата на меѓународните човекови права како што се Меѓународната декларација за човекови права и Меѓународната организација на трудот (МОТ), нема да користи детски труд или присилна работа и нема да толерира услови за работа кои се во спротивност со националното законодавство меѓународните документи и практика.

КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

Вработените во *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* стриктно ќе ги почитуваат сите политики на интегритет во врска со нивното вработување. Тие нема директно или индиректно да нудат, бараат или примаат, нуту пак склучуваат договори за мито и/или за изнудување или за незаконски интереси. Таквите интереси ќе вклучуваат, но нема да бидат ограничени само на: подароци и бесплатни услуги, забава, превоз и сместување. Мали подароци и подароци со мала вредност во мерка на нормално културно и општествено прифатливи норми и стандарди, не потпаѓаат под примената на ова правило. Сите вработени се обврзани да ги одвраќаат своите бизнис партнери или вработени од обиди за подмитување или акти на подмитување, кога тие ќе станат очигледни и се обврзани за тоа да го известат сениорскиот менаџмент на компанијата без било какви одложувања. Тие нема, директно или индиректно да бараат или да склучуваат договори за подмитување и/ или барања за илегални интереси од било кои бизнис партнери или да предизвикуваат лично фаворизирање, или фаворизирање на личности поврзани со него/неа или поставени од него/неа.

ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИ

Ниту еден член на персоналот на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* или блиски членови на неговото семејство не треба да имаат интерес во бизнисот на партнерите со кои што работат, како претставници или застапници на компанијата. Сите помошни активности, учества и консалтинг активности мора да се одобрени од управата на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* .

ЗАШТИТА НА ИМОТОТ & ДОГОВОР ЗА НЕ-ОТКРИВАЊЕ

Секој вработен во *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* е одговорен за заштита на имотот на компанијата што ги вклучува, но не е ограничено на материјалните предмети и ствари како што се опремата и зградите, или интелектуалната сопственост какви што се деловните тајни или доверливи информации. Особено во оваа обврска за неоткривање се целосно вклучени сите информации поврзани со бизнис клиентите.

ВРАБОТЕНИ

Здравје и безбедност на работа

Професионалното здравствено и безбедносно управување на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* се базира на принципите на превенција, обезбедување на нашите вработени со здрава и безбедна работна околина во согласност со индустриските стандарди и со соодветните закони и регулатива кои се во примена. Сениорскиот менаџмент на компанијата им ја доверува на своите локални подружници или супсидијари одговорноста да ја имплементираат оваа политика и да гарантираат целосно почитување на законите и регулативата за заштита на здравјето и безбедноста на работа**.** *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* им обезбедува за своите вработени соодветна обука во сите здравствено и безбедносно релевантни области. Дополнително, секој вработен има пристап до лекар со кој располага/ соработува компанијата.

МОТИВАЦИЈА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА ги смета мотивираните работници и нивната идентификација со целите на компанијата како критичен фактор за успех. Затоа организирана е систематска политика и стратегија за развоен процес, со екстензивен комуникациски и информативен внатрешен процес, добро поддржан од интензивни тренинг концепти и систематски чести контроли на успехот во работењето (индивидуални перформанси).

Како принцип, аспекти како што се развој на кариерата, награди и плата, како и индивидуална промоција јасно ќе се поврзуваат со исходите од овие контроли на успехот во работењето. Целосната мотивација на вработените е често под надзор на сениорскиот менаџмент.

СИСТЕМ ЗА ОБУКА

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА ги потенцира практичните тренинг програми поврзани со работата како и оние за развој и промоција на идните управувачки потенцијали, со цел да се осигура дека компанијата ги има сите расположливи технички и управувачки вештини, потребни за бизнис развојот на компанијата.

СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ И ПРАВО НА КОЛЕКТИВНО ПРЕГОВАРАЊЕ

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА го почитува правото на сите вработени да формираат или да се приклучат кон синдикати по сопствен избор и ќе ги следи резултатите на поединечните колективни договори во согласност со локалните закони и регулативи**.**

РАБОТНО ВРЕМЕ

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА ги почитува постојните национални закони, индустриски стандарди и применливите колективни договори во врска со работното време и надоместокот за прекувремена работа.

ПЛАТА

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА за сите вработени (ширум светот) обезбедува транспарентен пакет за надоместоци, кој што е изработен во согласност со пазарните и индустриските стандарди во поединечните локални средини и се смета дека треба да стимулира високо ниво на само-одговорност и претприемништво. Во секој случај компанијата ги почитува сите постојни закони, индустриски стандарди и релевантни колективни договори.

ДИСКРИМИНАЦИЈА

Компанијата нема да се вклучува или да поддржува било каква дискриминација при вработување, плаќање, пристап до обука, промоција, прекинување на работен однос или пензионирање, базирано на раса, класна припадност, националност, религија, пол, инвалидитет, сексуална определба, членство во синдикат, политичка припадност припадност или возраст.

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА нема да се меша во остварувањето на правата на вработените да се придржуваат до принципи или практики, или да задоволуваат потреби поврзани со раса, класна припадност, национално потекло, религија, инвалидитет, пол, сексуална ориентација, членство во синдикат или политичка припадност.

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА компанијата нема да дозволи или толерира какво било однесување, вклучително гестови, вербален и физички контакт, којшто е сексуално принудувачки, заканувачки, злоставувачки или експлоатирачки и е одлучна во заштитата на своите вработени во активностите против вакво однесување.

ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА не практикува и не поддржува употреба на телесна казна, ментална или физичка принуда или вербално злоставување.

АКЦИОНЕРИ

КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Со цел да се промовира довербата на инвеститорите, клиентите и вработените и општата јавност во менаџирањето и надзорот на котираните корпорации, *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* е експлицитно посветена кон сеопфатно корпоративно управување. Компанијата ја изразува оваа позиција посебно преку добрите практики за корпоративно управување, меѓународно признаените стандарди за одговорно корпоративно управување и се стреми кон изградба на транспарентен и разбирлив систем на корпоративно управување.

Дополнително *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* воспостави и објави интерен водич за заштита од тргување со внатрешни, вредни информации. Исто така годишно го објавува извештајот од независната ревизија.

ТРГУВАЊЕ СО ВНАТЕРЕШНИ, ВРЕДНИ ИНФОРМАЦИИ

Внатрешните правила на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* ја вклучуваат прво Групни правила за заштита и злоупотреба на внатрешни, ценовно вредни информации (инсајдерски информации). Со ова се информираат сите наши вработени, извршни органи и други луѓе кои работат во име и за сметка на компанијата за законските забрани за злоупотреба на внатрешни информации, пренесување информации внатре во компанијата и почитување на организационите мерки за превенција на законски казниви дела поврзани со тргување со внатрешни, ценовно вредни информации. Се упатува и до сите релевантни законски одредби како што се таканаречените примарни и секундарни инсајдери.
Согласно законските, подзаконските и други прописи за заштита на тргување со внатрешни, ценовни вредни информации - кои важат за луѓето кои работат во области дефинирани како доверливи, вклучувајки и личности од управниот одбор, надзорниот одбор, сите вработени, работничкиот совет и други лица кои имаат пристап до информации од потенцијално доверлив карактер. Постојат посебни правила за овие доверливи области кои се однесуваат на пренесување на информации внатре во копманијата. Како резултат на тоа, овие упатства обезбедуваат протокот на информации од овие чувствителни области на компанијата да се предмет на особено строги правила.

КЛИЕНТИ

Ориентација кон клиентите

Бескомпромисна ориентација кон клиентите е централната ориентација на сите напори на тимот на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* и централна точка на нашата корпоративна политика. Многугодишното работење со нашите клиенти и снабдувачи овозможи развивање на индивидуално, колективно и целно решавање на проблемите. „Нашите клиенти се наши партнери“ е мотото на ориентацијата кон клиентите на нашата компанија.

Главна цел на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* е да се намалат вкупните трошоци на клиентите низ тоталниот менаџмент на квалитет како интегрална и централна компонента на нашите активности.
Преку сигурноста на доставата, флексибилност, брза реакција во итни случаи, сервиси за консалтинг, дизајн, ланец за снабдување и врвна технологија, се трудиме да го понудиме најдоброто во класата за нашите клиенти.

СНАБДУВАЧИ

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА очекува од своите снабдувачи да ги следат истите строги принципи во начинот на кој го вршат сопствениот бизнисот, вклучително, но не и лимитирано на начинот на кој се третираат вработените, правила кои важат и за самиот *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА*.

Етичките принципи базирани на меѓународните човекови права мора да се почитуваат од страна на снабдувачите. Посебно, *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА* бара сите снабдувачи и подизведувачи да произведуваат без употреба на детски труд.
ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА дополнително праќа насоки за вработување до сите снабдувачи и поставува маргини за оптимални продажби и програми за развој на секои шест месеци. Сите спецификации на производите се според поставените еколошки стандарди.

ЗАЕДНИЦА И ОКОЛИНА

ОДГОВОРНОСТ КОН ЗАЕДНИЦАТА

ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА ги прифаќа своите одговорности како корпоративен граѓанин на заедниците во кои работи компанијата и се обврзува на отворена комуникација со сите заинтересирани групи (stakeholeders).
ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА се согласува на отворен дијалог со сите надлежни органи, социјални и јавни интересовни групи.

ЖИВОТНА ОКОЛИНА

Заштита на животната околина, следење на законските барања и вообичаените индустриски стандарди се на врвот на управувачката агенда на *ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА*. Цел на компанијата е да ги комбинира факторите за квалитет, животна околина и хуманата страна во еден интергриран управувачки систем, кој се стреми кон одржив економски успех .
ИМЕ_НА_КОМПАНИЈА е подготвена за дискусија во врска со секој отворен предмет, како и за информации до јавноста

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Прашања околу примената или толкувањето на овој *Кодекс на бизнис етика и однесување* или потенцијални повреди на неговите одредби треба да се пријават кај претпоставените. Секоја практика или однесување кои не соодветствуваат со овој Кодекс мора да се поправат, а во сериозни случаи ќе се преземат дисциплински мерки. Нема да има неповолни последици за оние вработени кои ќе ги пријават потенцијалните повреди на овие правила.